РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5109/4
01-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница прво продолжение, одржана на ден 30.01.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-5109/1 од 30.10.2023 година, оформен по пријава со наводи за неправилности при назначување на в.д директор во -------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошна постапување.

Предметот со број 12-5109/1 од 30.10.2023 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 30.10.2023 година, поднесена е пријава со наводи за неправилности при назначување на лицето ------------------------- за в.д директор во -------------------------- -------------, при што е изразено сомневање дека истиот бил назначен за в.д директор без да има положено испит за директор.

Пријавителот наведува дека истата пријава ја доставила и до Државниот просветен инспекторат, за која исто така и ДКСК со барање бр.12-5109/2 од 16.11.2023 до Државниот просветен инспекторат побара да достави информација за тоа дали има постапено по наводите од пријавата.

По добиениот одговор од страна на Државниот пресветен инспекторат кој наведува дека има извршено вонреден инспекциски надзор во именуваното училиште за кој е составен Записник бр.------------од 01.12.2023 година, во кој е констатирано дека наводите во пријавата се неосновани поради тоа што наведеното лице во пријавата е вработен во училиштето како наставник по предметот ----------------- со 20 наставни часа и никогаш не бил в.д Директор во учелиштето. По увидот во истото, ДКСК констатира дека наведенето лице во пријавата никогаш не бил в.д Директор во училиштето заради што нема елементи за натамошно постапување по предметот.

ДКСК врз основа на наведеното одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Одобрил**: Г.Т -член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk